РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5251/

01-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот -------- ---------- од -------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 42-та седница одржана на ден 27.11.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-5251/1 од 18.11.2019 година, на подносителот -------- ---------- од -------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување по предметот со број 12-5251 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-5251/1 од 18.11.2019 година.

Предметот со број 12-5251 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5251 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-5251/1 од 18.11.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на подносителот -------- ---------- од -------. Кон пријавата, од страна на истиот подносител доставена е кривична пријава која е насловена до Основното јавно обвинителство во Скопје од 25.06.2018 година.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незадоволство од постапувањето на Основното јавно обвинителство во Скопје по кривична пријава поднесена од страна на подносителот, а по која тој до денот на поднесувањето на пријавата до ДКСК немал добиено одговор дали и како било постапено по неговата пријава.

Подносителот известува дека во повеќе наврати се обидел од службените лица во Обвинителството да се информира кој обвинител постапувал по неговата пријава, за да можел да контактира и да се информира што се случувало со истата, но од страна на службените лица

му било кажано дека не давале податоци за тоа кој обвинител постапува по пријавата, па бара од ДКСК, согласно своите надлежности, да преземе мерки и активности за ваквото непостапување од страна на обвинителот, кај кого бил распреден предметот по наведената пријава, а кој не постапувал по пријавата веќе 17 месеци, што му укажувало на сомневање дека се чекало на настапи период на застареност на неговата кривична пријава.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот при што констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, а за кои Државната комисија нема надлежност да се произнесува. Врз основа на констатираното/утврденото, ДКСК оцени дека нема основ за нејзино надлежно постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира. Воедно, на подносителот на пријавата да му се укаже по однос на предметниот случај да се обрати до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 27 ноември 2020 година под бр. 12- 5251/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил : м-р В.Г. ,член на ДКСК